Агенција на програмите и мобилност на Европската заедница
Agjencia nacionale e programeve arsimore europiane dhe e
lëvizshmërisë Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut

Дата Datë 08 -11- 2021
22-6
Ер.Nr.

Е+ Високо образование	***Проверка на усогласеноста на високообразовната институција со Еразмус повелбата за високо образование***
Да биде имплементирано од:	Универзитет Апостол Павле - Охрид
Ранг	Важно
Број на ECHE чартер	Еразмус код: MK OHRID01
Проверка на документација	***Процес на избор на студенти за мобилност:*** **Процес на избор на студенти за мобилност :** **Во врска со проверката на постулатите од Еразмус чартерот првично беше побарано од Еразмус координаторот да извести за бројот на запишани студенти при што беше утврдено дека Универзитетот Апостол Павле има 90 запишани студенти за академската 2021-2022. Александар Богојевски наведе дека задолжително е да се признаваат стекнатите кредити од странските високо образовни институции при реализираните Еразмус мобилности на што Ректорот позитивно одговори и наведе дека сите стекнати кредити задолжително се признаваат при реализација на еразмус студентска мобилности било тоа да е во програмска или партнерска држава.** **Во врска со изборот на студенти се утврди дека Универзитетот Апостол Павле има утврдено одредени критериуми за селекција на студенти** **По извршена проверка се утврди дека студентите кои биле на мобилнст имаат договори за учење (Learning agreements).**
Препорака	Да се адаптира процесот на селекција на студенти со постулатите од Еразмус чартерот воедно во иднина да се поттикнуваат и студентите со помалце можности и посебни потреби да бидат активни во програмата Еразмус+.
Рок	Тековно
Рок за НА	Тековно

Проверка на документација	***Начин на информираност на студентите за студиските програми и интеринституционални договори потпишани со универзитети од програмските држави:*** Начелно студентите се информираат преку е-маил и преку веб страната на Универзитетот Апостол Павле, воедо Е+ координаторот истакна дека се одржуваат и инфо денови за студентите каде ги информираат за програмата Èразмус+.

	Информациите како и повикот за студентите се објавува на веб страната на Универзитетот http://uist.edu.mk/
Препораки	Во идниот период да се спроведе по адекватна промоција на програмата Еразмус+ преку социјалните мрежи, организирање на вебинари, хибридни настани и инфо денови со физичко присуство на студенти и професори.
Рок	Тековно
Рок за НА	Тековно

Проверка на документација	***Проверка на интер-институционални и билатерални договори.*** Во врска со билатералните/интеринституционалните договори се утврди дека Универзитетот има потпишано 51 договор за соработка со прогамски и партнерски држави од кои 3 се во прилог.
Препорака	Во иднина да се потпишуваат поголем број на договори со партнерските држави поради можното учество на универзитетот во централизираните и децентрализираните акции од прогамата Еразмус+.
Рок	
Рок за НА	

Проверка на документација	***ОЛС Лиценци:*** При извршена проверка се утврди дека доделените лиценци за јазична проверка и јазична подготовка не се реализирани и покрај фактот дека Универзитеот Апостол Павле има реализирани студентски мобилности во периодот согласно договорот НА – Универзитет Апостол Павле.
Препорака	Задолжително да се користат јазичните лиценци за подготовка и за проверка на јазичните компетенции на студентите, во спротивно може да не биде одобрена студентската мобилност или студентската пракса од причина што горенаведените јазични лиценци се задолжителни.
Рок	За следниот повик
Рок за НА	За следниот повик

Проверка на документација	***Досиеја на студенти кои биле на мобилност:*** По случаен избор беа разлгедани 7 студентски досиеја од студенти кои реализирале студентска мобилност (7 договори за учење во прилог на записниците)

	По разгледување на досиејата се утврди дека студентите ја имаат реализирано студентската мобилност, биле селектирани од страна на Универзитетот и потпишале договор за учење.
Препорака	Н/П
Рок	Н/П
Рок за НА	Н/П

Проверка на документација	***Признавање на испити и кредити остварени преку Еразмус +:*** При разгледување на досиејата на студентите кои реализирале Еразмус студентска мобилност се утврди дека Комисија составена од членови од Универзитетот Апостол Павле прави селекција на еразмус студентите врз основа на базичните критериуми утврдени од програмата Еразмус+ : - ***Просек на оцени*** - ***Јазични компетенции*** - ***Препораки од професори*** - ***Мотивационо писмо***
Препорака	Н/П
Рок	Н/П
Рок за НА	Н/П

Проверка на документација	***Досиеја на наставен кадар кој бил на мобилност:*** Универзитетот Апостол Павле нема реализирано наставни ангажмани за академската 2018-2019 и академската 2019-2020
Препорака	Согласно следните повици за Еразмус+ индивидуални мобилности потребно е Универзитеот да аплицира и да реализира наставни ангажмани и обуки за административен кадар од причина што интернационализацијата на Универзитетот зависи и од соработката на професорите и административниот кадар со универзитети од програмските и партнерските држави.
Рок	01.09.2022
Рок за НА	01.09.2022

Проверка на документација	***Влезни мобилности:***

	Реализирани се поголем број на влезни студентки мобилности поради атрактивноста на програмите на Универзитетот Апостол Павле и тоа од следните држави: - Турција - Бугарија и - Шпанија
Препорака	Задолжително да се зголеми бројот на студенти , влезни мобилности и со останатите држави од Европа.
Рок	Тековно
Рок за НА	Тековно

Проверка на документација	Дисеминација: Согласно околностите со пандемијата за КОВИД 19, мал број на инфо денови и настани се реализирани од страна на Универзитеот Апосотл Павле.
Препорака	Да се реализираат што поголем број на вебинари, хибридни настани и инфо сесии со потенцијални Еразмус+ студенти и професори а воедно и да се споделуваат успешните Еразмус+ приказни и со видео на веб страната и на ФБ страната на Универзитетот Апсотол Павле – Охрид
Рок	Тековно
Рок за НА	Тековно

Посетата е извршена од страна на:

- Александар Богојевски, раководител на одделение
- Арменд Љута, надворешен соработник

Доставено до:

- Директор на НА
- Олгица Апостолова , Љубица Топузовска Е+ Координатор
- Архива на НА

Изготвил: Александар Богојевски

Одобрил: Снежана Симоновска